**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**ТОП ВЕСТИ:**

- Делчево презентирано пред претставници на бизнис-заедницата од Благоевград во рамките на културната иницијатива „Вечери на Балканот-Македонија“
- Дигитализација на Советот на Општина Делчево
- Младинскиот центар ги отвори вратите за младите во Делчево
- Живо културно наследство: Сурова 2026

# ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР
# ИНФО ДЕЛЧЕВО

БРОЈ 48 ЈАНУАРИ 2026

## Делчево презентирано пред претставници на бизнис-заедницата од Благоевград во рамките на културната иницијатива „Вечери на Балканот-Македонија“




## Дигитализација на Советот на Општина Делчево



## Младинскиот центар ги отвори вратите за младите во Делчево



## Живо културно наследство: Сурова 2026



Општина Делчево
Ул. „Светозар Марковиќ“ бр.1
tel. +38933411550
web: delcevo.gov.mk
email: info@delcevo.gov.mk

# Одржана 4 Седница на Советот на Општина Делчево

Советот на Општина Делчево ја одржа 4 Седница на Советот која, воедно, беше и прва седница одржана со поддршка на новата дигитална платформа opstinskisovet.mk. Седницата се одвиваше без технички проблеми, со доста ефикасен начин на работа и електронски начин на гласање по точките од Дневниот ред што придонесува кон поедноставување на целиот процес на работа на Советот.

На 4-та Седница се расправаше и се донесоа одлуки по 31 точка од предложениот Дневен ред. На Седницата со мнозинство гласови беа донесени решенија за именување членови во Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Брегалница"-Делчево и за именување членови во Управен одбор на ЈКП „Брегалница". Исто така, се донесе и Решение за именување членови на Управниот одбор на Општинска јавна установа за деца – Детска градинка ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ Делчево;

На Седницата се донесе Одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари-службени простории на национална установа центар за култура (НУЦК) „Никола Јонков Вапцаров"-Делчево, како и Одлука за давање на трајно користење движна ствар –ФАП ТОВАРНО СПЕЦИЈАЛНО ПРОТИВПОЖАРНО возило на Јавното комунално претпријатие „БРЕГАЛНИЦА"-Делчево;

Пред советниците беа на усвојување и годишните програми: Програма за извршување јавни работи за 2026 година; Програма за еднакви можности на мажите и жените на Општина Делчево и работа на Комисијата за еднакви можности за 2026 година; Програма за социјална заштита на Општина Делчево за 2026 година; Програма за комуникација со јавноста и промоција на Општина Делчево за 2026 година; Програма за активностите на Општина Делчево од областа на превенција, заштита и спасување од елементарни и други непогоди;

Беше донесена и Одлука за ослободување од партиципација на деца Роми на возраст од 3-6 години за престој во детските градинки што се во социјален ризик за учебната 2025/2026 година; Одлука за именување членови на Советот за социјална заштита на Општина Делчево; Одлука за формирање на Комисија за унапредување на правата на пациентите; Одлука за формирање на Совет за јавно здравје; Одлука за формирање на Совет за заштита на потрошувачите; Измена на Годишен план за вработување на Општина Делчево за 2026 година; Одлука за отпочнување активности за редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Делчево;

Беа донесени и неколку одлуки за донесување урбанистичко планска документација документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат; Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2026 година; Програма за уредување градежно земјиште на подрачјето на општина Делчево за 2026 година; Програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општински патишта и улици во општина Делчево за 2026 година;

Советот на Општина Делчево донесе Одлука за верификација на мандатите на членовите на Локалниот младински совет при Општина Делчево кои имаат мандат од 2 години. За членови на новиот состав на ЛМС се избрани:

1. Искра Георгиевска- Тернипе МК (Ромски културен и едукативен центар) Делчево
2. Ивана Пејчиновска - КУД"Гоце Делчев" Делчево
3. Павел Салтировски - СОУ. М.М.Брицо Делчево
4. Ангела Велковски -"Црвен крст" Делчево
5. Ања Димитровска-СОУ.М.М.Брицо Делчево

На Седницата се усвои и Годишната програма за работа на Младински центар Делчево за 2026 година;

Советниците ја донесоа и Одлуката за прифаќање донација од Друштво за трговија и услуги „М-Д РЕНТАЛС"-ДООЕЛ Скопје на нова вакумска метларка (машина за чистење на улици); Со оваа Одлука, Општина Делчево во својство на прималел на донацијата ја прифаќа донацијата од Друштвото за трговија и услуги „М-Д РЕНТАЛС" ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. „ Борис Трајковски" бр. 5 во Скопје на нова вакумска метларка (машина за чистење улици) во вредност од 399.992,00 денари со вклучен ДДВ. Донацијата не создава никаква корист за давателот, ниту обврска за враќање од примателот на донацијата, дадена за цели од јавен интерес.

Совет на Општина Делчево

Совет на Општина Делчево

# Дигитализација на Советот на Општина Делчево




Во Делчево беше спроведена обука на советниците на Советот на Општина Делчево за користење на новата дигитална платформа **opstinskisovet.mk**, со што успешно се заокружи подготвителната фаза за нејзина примена.
Секој граѓанин ќе може да се најави како гостин и да има увид во материјалите, одлуките и работата на Советот – целосно дигитално. Дигитализацијата овозможува поголема отчетност на советниците, заштеда на време и ресурси, како и значително намалување на користењето хартија. Ова претставува важен чекор кон модерно, ефикасно и одговорно локално управување, во служба на граѓаните на Општина Делчево, како и поголема транспарентност, отвореност и директен пристап до информациите од локалната самоуправа.

Актуелности

# Градоначалникот Гоцевски на средба со претставници на бизнис-заедницата од Благоевград во рамките на културната иницијатива „Вечери на Балканот-Македонија“




Можностите за зајакнување на економските врски, развојот на заедничките проекти во рамки на прекуграничната соработка, поддршката на туризмот и локалниот економски развој, се теми на средбата којашто се одржа во Благоевград соседна Бугарија со претставници на бизнис-заедницата од Благоевград, а на која присуствуваат амбасадорот на РСМ, Н.Е. Агнеза –Руси Поповска, претставници на Македонско-бугарската стопанска комора, претставници од Македонскиот културен информативен центар во Софија, градоначалникот на Благоевград, претставници од бизнис-заедницата и културни институции.

За градоначалникот Иван Гоцевски учеството на овој настан претставува посебна чест, бидејќи има уникатна можност пред бизнис-заедницата од Благоевград, соседна Бугарија, да ги претстави потенцијалите за развој на Делчево.

-Исто така, средбата отвора можност за размена на добри практики, да се постават иницијативи за идна соработка, но и да се истакне и важноста од продлабочување на партнерствата и креирањето конкретни активности кои ќе придонесат за одржлив развој и подобрување на економските услови во пограничниот регион, нагласи Гоцевски.

Општина Делчево и Општина Благоевград, се традиционални партнери во прекуграничната соработка и досега заедно успешно се реализирани 4 проекти од ИПА- програмата, а во моментов се реализира петтиот проект со вкупна вредност од околу 1 милион евра европски пари. Средствата ќе се инвестираат во инфраструктурни проекти кои се во насока на подобрување на квалитетот на животот на жителите во пограничниот регион.

Средбата се реализира во рамките на културната иницијатива „Вечери на Балканот-Македонија“, чиј партнер е Н.Е. Агнеза Руси Поповска. Специјален гостин на вечерта беше делчевската Фолклорна група при НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“ кои го промовираат македонскиот и делчевскиот фолклор и традиција.

# Градоначалникот Гоцевски на средба со претставници од Македонско-турската стопанска комора

Актуелности




Делчево го збогатува своето семејство на пријатели од меѓународната сцена и сериозно работи за влез на странски инвеститори во општината. Во таа насока, градоначалникот Иван Гоцевски оствари средба со извршниот директор на Македонско- турската стопанска комора. МАТТО, Шахпаз Молалиев.

Градоначалникот Гоцевски истакна дека средбата била инспиративна и плодотворна, пред сѐ поради воспоставената комуникација, но и поради нашите заеднички интереси и цели за зближување на нашите граѓани на продлабочено ниво.

–Разменивме идеи и можности за унапредување на соработката и јакнење на економските врски меѓу Делчево и Република Турција коишто се живи повеќе децении наназад. Средбата се одржа во конструктивна и пријателска атмосфера, со осврт на потенцијалите за соработка на збратимените градови од Турција со Општина Делчево. Од соговорниците добив важни информации за значајната улога што Стопанската комора ја има во унапредувањето на билатералните односи меѓу двете држави. Како заедница нашите две општества се поврзани преку нашите културни традиции што се основа за секоја друга соработка. Убеден сум дека турскиот народ којшто живее и работи како дел од нашата заедница во Делчево, може да биде силен мост за поврзување на двете држави што претставува дополнителна основа за продлабочување на пријателството и соработката на секое поле, посочи Гоцевски.

Актуелности

# Прв состанок на Општинскиот штаб за заштита и спасување: Донесени заклучоци за надминување на потенцијална опасност



Општинскиот штаб за заштита и спасување го одржа својот Прв состанок на кој се разгледуваа барања од граѓани чиј имот и безбедност се во загрозувачка состојба од потенцијална опасност.

Состанокот го водеше заменичката-градоначалник Адријана Илиевска-Велковски, а присуствуваа претставници од МВР-ОВР Делчево, ДЗС, Центарот за кризи, претставници од Здравствениот дом, советници од Советот на Општина Делчево и административни службеници од Општина Делчево.

Согласно со првото барање, беше разгледувана состојбата со загрозен објект- семејна куќа на улица „Маршал Тито“ во Делчево, каде во непосредна близина се наоѓа карпест рејлеф на кој се евидентирани видливи напукувања. Увидот на стручните служби од Центарот за кризи и од Општина Делчево, констатираше структурни напукувања на карпата со потенцијал за натамошно ширење, постоење реална опасност од делумно или целосно обрушување на делови од карпата и потпорниот ѕид кон куќата, а евидентиран е и потенцијален ризик и за куќата која се наоѓа над карпата и потпорниот ѕид.

По образложението од претставниците од увидната екипа, Општинскиот штаб за заштита и спасување донесе заклучок за ангажирање на стручни институции, ИЗЗИС, Градежен факултет, Геолошки завод) да направат увид и да изработат стручна анализа со процена на степенот на ризик врз основа на што ќе се преземат следни активности.

По однос на второто барање доставено од правното лице ЛИКЕЈ-ДЕЛВИН, а се однесува на дефект на противпожарната водоводна мрежа на објект плинска станица во Делчево. Дефектот, како што беше потенцирано во барањето, може да го загрози објектот- плинска станица и претставува општа опасност која може да доведе до загрозување на имотот и животот на граѓаните. Поради нерасчистени имотно-правни односи со соседното правно лице, сопственикот на плинската станица не е во можност да пристапи кон санирање на дефектот.

По образложението, Штабот едногласно донесе заклучок со кој го задолжи ЈКП „Брегалница“ да изврши увид на дефектот кај станицата, да се констатира надлежноста и да се санира дефектот со цел да се спречи потенцијалната опасност, а доколку има потреба да се обезбеди и полициска асистенција.

# Формиран Совет на интелектуалци во Делчево

Актуелности



На иницијатива на градоначалникот Иван Гоцевски на празникот Богојавление-Водици се одржа првиот состанок на Советот на интелектуалци. На состанокот присуствуваа граѓани кои потекнуваат од Делчево, но живеат и работат надвор од Делчево и се од различни професионални сфери, а присутни беа и претставници од локалната власт.

Градоначалникот Иван Гоцевски, кој беше домаќин на состанокот, истакна дека целта на средбата е да се покаже човечкиот и професионалниот капацитет на Делчево и желбата за развој на општината.

– Убава можност денеска по повод Св. Богојавление- Водици да бидам домаќин во кабинетот на успешни луѓе- наши сограѓани кои активно работат на различни професионални полиња во Македонија и во странство. Нивната интелектуална поддршка и конекции во нивниот делокруг на работа се добредојдени за развојот на нашето Делчево, за подобар живот на сите делчевчани кои живеат и работат во својот роден крај. Воодушевува енергијата и емоцијата со која овие мои денешни соговорници зборуваат за Делчево. Сигурен сум дека заедно ќе имаме успех во нашите заеднички намери да го афирмираме Делчево во најубаво светло во заеднички интерес на сите, изјави Гоцевски.

Професорот Александар Атанасов додаде дека е важно донесените одлуки и препораки од советите и комисиите да се спроведуваат на дело и да се обезбедат конкретни финансиски средства.

Гоцевски и Атанасов во своите изјави ја потенцираат потребата од системски развој, финансиска поддршка и активна соработка меѓу локалната и централната власт, како и значењето на вклучувањето на сите делчевци кои можат да дадат свој придонес за развојот на општината.

# Младинскиот центар ги отвори вратите за младите во Делчево

Актуелности



Новиот состав на Локалниот младински совет ја одржа првата средба во Младинскиот центар во Делчево кој и официјално ги отвори вратите за младите. Со отворањето на Центарот се одговори на барањата на младите и се реши првиот приоритет кој беше дефиниран на буџетските форуми за решавање во 2026 г.
Гадоначалникот Иван Гоцевски изрази задоволство од условите за работа на Центарот кој претставува сервис за млади со мисија да ги обедини, да ги мотивира, но и да им даде можност на младите во Делчево..
-Денеска го отворивме Младинскиот центар кој треба да биде култно место за активните млади во Делчево со што го решивме првиот приоритет кој произлезе од граѓаните на буџетскиот форум за 2026 г. Со ова докажуваме дека ние ги слушаме потребите на граѓаните и одговараме на нивните барања. Од денеска младите во Делчево имаат свој простор и им даваме можност да ја насочат својата енергија и потенцијал и да бидат креативни и двигатели на општествениот живот. Овој простор е создаден за младите и најавувам отворена поддршка за младите, за нивните идеи и иницијативи, нагласи Гоцевски.
Центарот ќе работи како отворен инклузивен простор и ќе биде достапен за сите млади со цел да се поттикне нивната активност, вмрежување и учество во општествениот живот. Организацијата ЖЕНА од Делчево ќе раководи со Младинскиот центар.
Организација ЖЕНА ќе координира со работата на Младинскиот Центар раководејќи се од Законот за младинско учество и младински политики и Програмата за работа на Центарот за 2026 година. Преку обуки, работилници, психосоцијална поддршка, културни и креативни активности, сакаме да придонесеме кон нивниот личен и професионален развој. Нашата цел е младите во Делчево да не бидат само корисници, туку активни креатори на промени во заедницата. Ова е важен чекор кон посилно младинско учество и подобар квалитет на живот на локално ниво, истакна Анита Цоневска, директорка на Организација ЖЕНА.
На промоцијата на Младинскиот центар присуствуваа и претседателот на Советот, Николчо Стојменовски, претставници од Општина Делчево и од граѓанскиот сектор.
Отворањето на Младински центар беше обврска на Општина Делчево согласно со Законот за младинско учество од 2020 година.

# Зголемен буџетот на Програмата за образовние

Актуелности

Буџетот на Програмата за образование за 2026 година на Општина Делчево е поголем за 250.000 денари, средства наменети исклучиво за поддршка на талентирани ученици и студенти во Делчево. За оваа 2026 година општинските стипендии и награди порасная од 500 до 1.000 денари, додека првенците на генерацијата ќе добиваат еднократна парична награда.

Имено, во категоријата општински стипендии за талентирани ученици кои доаѓаат од семејства со ниски приходи се планирани 10 стипендии со месечен износ зголемен од 1.500 на 2.000 денари, додека во втората категорија стипендии за талентирани ученици кои постигнале особено висок успех се планираат 8 стипендии, а износот на стипендијата се зголемува од 2.000 на 2.500 денари. И студентски стипендии се зголемуваат за 500 денари, односно во категоријата студенти кои се од семејства со ниски приходи износот на стипендијата се зголемува од 2.000 ден на 2.500 ден, додека стипендијата во втора категорија за талентирани студенти е зголемен од 3.500 на 4.000 ден. Предвидено е и зголемување на стипендијата за ученик со попреченост, од 1.500 на 2.000 денари. За прв пат се воведува еднократна парична награда за првенец на генерација: по 20.000 денари за основно образование и 30.000 денари за средно образование. Наградата за најдобрите матуранти од делчевската гимназија, годинава се состои од ваучер во износ од 20.000 денари за 15 матуранти, мерка што значи награда за постигнатите резултати во средното образование во СОУ „М.М.Брицо“ во Делчево. Исто така, за 1.000 ден е зголемен износот за запишани првачиња во основните училишта во Делчево од 3.000 на 4.000 ден. и износот за еднократна награда за најдобри ученици Роми, за основците од 5.000 на 6.000 ден, додека за најдобриот ученик Ром во средното образование износот е зголемен на 11.000 ден.

Градоначалникот Иван Гоцевски посочува дека со Програмата за образование за 2026 година се вложува таму каде што навистина има вредност – во знаењето, трудот и иднината на нашите млади.

– Со овие мерки испраќаме јасна порака – трудот се препознава, знаењето се поддржува, а успехот се вреднува. Ќе продолжиме да создаваме услови во кои секое дете ќе има можност да напредува и да ја гради својата иднина тука, во Делчево, нагласи Гоцевски.

ДЕЛ ЧЕВО

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

www.delcevo.gov.mk

Актуелности

# Објавени конкурсите за доделување општински стипендии на талентирани ученици и студенти




Општина Делчево на 29 јануари ги објави конкурсите за доделување општински стипендии за ученици и студенти. Согласно со конкурсите, Општина Делчево годинава ќе доделува 19 стипендии за средношколци во три категории и 4 стипендии за студенти во две категории. Стипендиите се неповратни и ќе се исплаќаат за период од девет месеци започнувајќи од јануари 2026 г. Висината на стипендијата зависи од категоријата на која аплицира средношколецот, односно 2 000 ден месечно за првата категорија и 2.500 денари месечно за втората, додека стипендијата за ученик со попреченост ќе изнесува 2 000 ден. Висината на стипендиите за студенти изнесува 2.500 денари месечно за првата категорија и 4.000 денари месечно за втората категорија.

Конкурсот за доделување стипендии е објавен на општинската веб-страница, delcevo.gov.mk. Потребните документи можат да се доставуваат по пошта и во Архива на Општина Делчево секој ден од 7.30 до 15.30 ч. Конкурсот е отворен до 18.02.2026.

# Доделени парични награди на ученици за постигнати високи резултати на државни натпревари

Актуелности



Градоначалникот Гоцевски додели две парични награди на ученици од 4-та година од СОУ „М.М.Брицо"кои постигнале високи резултати на државни натпревари. Ученикот Лука Стоименовски кој освои второ место на државен натпревар по италијански јазик доби парична награда од 10.000 денари, додека Ива Цонева, за освоеното второ место на државниот натпревар по географија доби парична награда од Општина Делчево во износ од 10.000 денари.

Овие постигнати резултати беа и повод за средба на градоначалникот со наградените ученици и со директорката Марина Синадиновски на која се разговараше за предизвиците во средношколското образование, за условите за работа во делчевската гимназија, но се разменија и предлози како да се постигнуваат подобри резултати во образованието.

За Гоцевски, доделувањето на паричните награди од Општина Делчево е една од мерките со кои Општината сака да го награди успехот на талентираните ученици.

-Исклучиво го ценам секој постигнат резултат и секој постигнат успех во образовниот процес на секој еден наш ученик. Успехот на поединецот нè прави горди и докажува дека во Делчево има квалитетно образование. На Лука и Ива им ги честитам наградите и посакувам да постигнуваат уште поголеми резултати во иднина. Нивниот пример да го следат сите ученици. Образованието како процес е предизвик, кој бара големи вложувања, но Делчево има талентирани деца кои освојуваат победи на скоро сите натпревари со кои Делчево се гордее и сака да ги награди и да ги поттикне да одат напред кон уште поголеми победи, истакна Гоцевски.

Актуелности

# Градоначалникот Гоцевски го посети првото новородено во 2026 г



Првороденото новороденче во 2026 г. во Општина Делчево е малата Ајлина која е родена на 7 јануари во штипската болница и е второ дете во семејството Беќирови од с. Работивиште. Градоначалникот Гоцевски го посети семејството на Ајлина и честитајќи им ја радоста, тој им го подари традиционалниот подарок за првородено во годината, еднократен паричен износ од 10.000 ден. Воедно, првороденото доби и детско седиште за во автомобил што е донација од РСБСП.

–Првото новородено во годината е симбол на надежта, вербата и предвесник на новата генерација дечиња кои ќе се родат во годината која штотуку ја започнавме. Затоа ми претставува посебна чест и задоволство што денеска го посетив домот на малата Ајлина, родена на 7 јануари во болницата во Штип. На малата ѝ испраќаме желби за среќно и безгрижно детство, да донесе многу радост и гордост на семејството, но и на општината. Ја користам оваа прилика да им ја честитам радоста на родителите и им посакувам многу љубов и многу дечиња да им го развеселуваат домот, порача Гоцевски.

Тој додаде дека Делчево се радува на секое новородено, бидејќи тоа е најголем дар за заедницата.

-Како одговорна општина продолжуваме да создаваме услови за секое дете да расте безгрижно и да има еднакви можности за развој. Општината ќе продолжи да создава мерки за поддршка на младите родители. На првороденото во годината исплаќаме еднократна парична помош во износ од 10.000 денари, додека за секое новороденче, еднократната финансиска поддршка од оваа 2026 г.е зголемена и ќе изнесува 4.000 денари, истакна Гоцевски

Минатата година во Делчево се родени 57 новороденчиња. Од нив 32 се женски, а 25 се машки. Општината за еднократен надомест за новороденчиња изводила околу 190.000 денари.

# Ефикасно расчистување на снегот

Актуелности



Интензивните врнежи од снег ги мобилизираа екипите задолжени за зимско одржување на општинските патишта и улици на подрачјето на Општина Делчево.

Со механизација и рачно екипи на ЈКП „Брегалница“ работат на терен на расчистување на снегот од јавните површини, пристапни патеки, коловози и тротоари на градските улици. Во функција се ставени градежни машини, фреза за чистење снег од тротоарите, а се нанесува и сол и ризла со цел безбедно движење по улиците, но и редовно одвивање на работите на Претпријатието.

Од ЈКП „Брегалница“ информираат дека располагаат со доволно количини ризла и сол, а согласно со потребите, сукцесивно ќе се набавуваат дополнителните количини абразивни материјали.

Фирмата задолжена за зимско одржување на улиците и патиштата во Делчево, СД ТРАНС, реагира на критичните точки во градот, а екипи ќе работат и на расчистување на локалните патишта за Стамер, Вирче и три патишта во Нов Истевник.

Инаку, патиштата и улиците се чистат согласно со приоритетната листа и Планот на зимско одржување патишта и улици. Во Планот се опфатени патишта со асфалтен коловоз од 88,5 км, патишта со коловоз макадам од 42 км и улици со асфалтен коловоз во должина од 39,83 км. Надзор на извршените работи врши Одделението за инспекциски надзор при Општина Делчево. Чистењето на снегот од коловозите на патиштата и улиците отпочнува пред дебелината на снегот да достигне 10 сантиметри за сообраќајниците од прв и втор приоритет и 15 сантиметри кај сите останати сообраќајници опфатени со Планот, со посебно внимание на: острите кривини, стрмните косини, мостовите, големи надолжни нагиби и делови каде има сенка (шуми, осојничави места, реки и слично), патни премини и вкрстувања итн.

Зимското одржување на регионалните и магистралните патишта на територијата на Општина Делчево се во надлежност на ЈП за одржување на магистрални и регионални патишта.

Првиот снег за оваа зима, донесе снежна покривка во Делчево со дебелина од 5 до 10 см. Општина Делчево апелира до граѓаните да си ја исполнат својата граѓанска должност и да го исчистат снегот од пристапите до нивните објекти, односно дворови. Посебно се апелира до правните лица да го исчистат делот пред нивните објекти со цел да се овозможи непречено движење и пристап до објектите.

Актуелности

# Се чистеше јавната површина околу селската џамија во с. Габрово



Претставници од МЗ во с. Габрово и лица ангажирани преку Програмата за извршување јавни работи на Општина Делчево со заедничка акција ја исчистија од отпад и дивоизраснати растенија јавната површина околу селската џамија. Оваа заедничка активност беше на барање на Советот на МЗ во с. Габрово и потенцирана како една од активностите за решавање приоритетни проблеми во селото, но и активност која води до почисто и поубаво село. Целта е да се создаде чиста и здрава животна средина, посебно да се облагороди просторот околу џамијата кој е вреден историски споменик во селото.

За градоначалникот Гоцевски оваа акција е добар пример како може иницијативите на граѓаните организирани преку месните заедници да се претворат во конкретни акции.

– Ова е само една акција и верувам пример кој ќе го следат и другите месни и урбани заедници. Изразувам задоволство од начинот на кој сето тоа се организираше и од ангажираноста на новоформираната МЗ која покажа како може да се сака родното место и со заедничка акција и поддршка од Општината, да се одговори веднаш и на задоволство на сите. Сакам да нагласам дека сите иницијативи од месните или урбаните заедници за мене ќе бидат приоритети за решавање, но, најважно е што жителите покажуваат иницијатива, а општината е тука да им помогне, порача Гоцевски.

Инаку, во рамките на Програмата за извршување јавни работи која опфаќа активности за заштита на животната средина и подобар и квалитет на животот на граѓаните, се вклучени 29 лица. Програмата се реализира во рамки на мерки од Оперативниот план на АВРСМ.

# Богата програма по повод Водици во Делчево
# Се осветија водите на река Брегалница




Актуелности

Со традиционална свечена црковна церемонија и во присуство на илјадници верници, се осветија водите на река Брегалница во Делчево. Бојан Ѓеоргиевски беше најсреќен и највешт и успеа од четириесетината момчиња кои се фрлија во студените води на река Брегалница, да го фати светиот крст при церемонијата за осветување на реката Брегалница.
Традиционално, градоначалникот на Општина Делчево, Иван Гоцевски на среќниот фаќач на светиот крст му доделува парична награда во износ од 10.000 денари.
– Ме радува денешниот ден, илјадници верници посведочија на чинот на осветување на водите на нашата убава река Брегалница, но и на храбрите 40-ина момчиња кои влегоа во студените води на Брегалница со што ја продолжуваат традицијата која носи благородна порака за Божјата благодет, прочистување, оптимизам, надеж и верба во доброто, совршеното, чистото, но и во заедништвото. Упатувам честитки на нашиот сограѓанин кој успеа да го фати светиот крст од студените води на Брегалница и му посакувам да го следи среќа и него и неговото семејство, а да донесе среќа и бериќет на целиот наш град. Упатувам честитки и до сите верници по повод празникот и за достоинственото одбележување на традицијата.Бог се јави, Навистина се јави ! Нека е за многу години, истакна Гоцевски.
Среќниот фаќач на крстот традиционално доби подарок од делчевската црква. На среќниот Бојан Ѓеоргиевски, епископот Марко му подари икона и библија, додека годинава награди беа обезбедени и од општествено одговорни компании „Зегин“ и ММЦ Прогрес.
Свеченоста по повод денешниот верски празник, Водици, започна утрово во црквата „Успение на пресвета Богородица“, каде се одржа свечена богојавленска литургија со која чиноначалствуваше Неговото преосвештенство епископ г-ин Марко.
По повод празникот во градскиот парк е организиран музички хепенинг, а градоначалникот Гоцевски организира средба со поканети гости на која ќе се разговара за потенцијалите на развој на Делчево.

Актуелности

# Општина Делчево ги објави повиците за финансиска поддршка на спортски и здруженија на граѓани

Општина Делчево денеска ги објави двата јавни повици за доделување финансиска помош во две категории, спорт и граѓански сектор. Годинава во Буџетот на Општина Делчево за оваа намена се предвидени вкупно 1,5 милиони денари кои ќе бидат транспарентно распределени согласно со јавно објавените критериуми, до спортски здруженија, клубови и сл, но и до граѓански здруженија кои функционираат на територијата на Општина Делчево, а се пријавиле на Јавниот повик.

Согласно со Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување финансиска помош на спортски клубови, спортски здруженија, правни лица во областа на спортот и здруженија на граѓани, право на учество на Повикот имаат сите граѓански здруженија кои се регистрирани на подрачјето на Општина Делчево, а приоритетни области и цели за финансирање проектни и програмски активности се: локален економски развој, техника, образование, култура, уметност, социјална заштита, заштитата на животната средина, еднакви можности и младински политики. Право на учество имаат сите здруженија на граѓани кои се регистрирани во согласност со Законот за здруженија и фондации, најмалку 1 година пред објавувањето на повикот и да дејствуваат на територијата на Општина Делчево.

Исто така, право на учество имаат сите спортски клубови и спортски здруженија кои ги исполнуваат условите: да се регистрирани во согласност со закон, односно да поседуваат решение за регистрација; да дејствуваат на територија на Општина Делчево; спортските клубови во рамките на основните училишта и средното училиште на територија на Општина Делчево, како и правни лица кои ќе организираат спортски манифестации на територијата на Општина Делчево, а кои придонесуваат за развојот на спортот на локално ниво.

Пријавата заедно со документација се доставува до Архивата на Општина Делчево, по пошта или во електронска форма.

ДЕЛЧЕВО

ОПШТИНА
ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

# Ново издание на ѕвегорската Сурова





„Сурова“ ечеше во делчевски Ѕвегор по повод Стара нова година со што ѕвегорските суроваскари го продолжија живото културно наследство во Пијанец поврзано со Василица. Локалниот обичај под маски или театарот на отворено во кој главните ликови, невестата и младоженецот, белаците, бабите, мечките, го бркаа лошото од Пијанец, благословувајќи ги домаќините со сурова-млада и здрава нова година и прославувајќи ја Старата нова година.

Зачувувајќи ја автентичната традиција на весела свадбена поворка збогатена со многу нови ликови, шеесетина маски и годинава дефилираа низ селото не одминувајќи ниту една куќа во него.

„Сурова“ во Ѕвегор е уникатна по многу нешта. Еротските игри асоцираат на плодноста, старите баби и мечкарите им помагаат на болните, а се црнат присутните и гостите за здравје. Белаците се војска кои со дрвени сабји и пушки ја чуваат невестата предвреме откриена.

Суроваскарите го завршија танцот во селото доцна попладнето и на трпеза подготвена од кумот на свадбата, ќе се открие невестата и ќе паднат сите маски од годинешната Сурова.

Локалниот обичај под маски го проследија стотици вљубеници на традицијата, а и годинава присуствуваа гости и од соседна Бугарија.

Градоначалникот Иван Гоцевски кој го потенцираше значењето на ова живо културно наследство, кое по автентичноста и богатството на маски, етнолозите го нарекуваат Пијанечко Вевчани.

–Мене ме радува што последниве години многу млади од ова село Ѕвегор ја продолжуваат традицијата со што се обезбедува иднината на овој култен обичај под маски чија цел е да се продолжи вековната традиција и да се избрка злото во некрстените денови. Во оваа прилика, сакам да му честитам на Организацискиот одбор на „Сурова“ и на кумовите и на сите жители на Ѕвегор кои се издигнаа над болката поради загубата на двајцата жители од селото во големите пожари во клубовите во Кочани и во Кран Монтана и ја продолжија вековната традиција посветувајќи ја годинешната „Сурова“ во нивна чест. На сите посакувам среќна Стара нова година и овој убав обичај под маски да живее-Нека е за многу години, порача Гоцевски.

Главен покровител на манифестацијата е Општина Делчево и градоначалникот Гоцевски.

Актуелности

# Донација по повод Стара нова година



По повод Стара нова година, Општина Делчево донираше околу 20 хуманитарни пакети до семејства кои живеат во социјален ризик, со порака дека празничната атмосфера им припаѓа на сите граѓани. Пакетите се состојат од најразлични видови прехранбени производи, средства за хигиена, но и облека, најразлични играчки и слични донации кои граѓаните на Делчево ги донираа во рамките на хуманитарната акција „Со срце за Делчево“ промовирана пред новогодишните празници.

Ова е втора донација која се реализира во Делчево. Стотици граѓани за помалку од 1 месец, донираа и во инклузивната куќичка –Куќичка на надежта и во рамките на акцијата „Со срце за Делчево“. Првите 30-ина пакети беа донирани за Божиќ во делчевската градска црква, а втората група пакети се донираа до семејства во Општината.

Градоначалникот Гоцевски изрази благодарност до сите хумани граѓани, општествено одговорни фирми и граѓански организации кои дадоа поддршка на оваа благородна идеја и заедно со Советот на млади на Општина Делчево и ОО на Црвениот крст, идејата ја претворија во хумано дело.

-Со овие донации, во рамките на двете акции, ние покажавме дека сме одговорни граѓани и институции и дека ниту едно семејство во Делчево не е оставено само. Празничната атмосфера треба да го посети секој дом, а секое дете заслужува да се радува и да верува дека, навистина, новогодишните чуда се возможни, порача Гоцевски.

Градоначалникот Гоцевски најави слични хуманитарни акции во организација на Општина Делчево и за наредниот период.

Култура

# Царево Село низ страниците на времето 1924-1937г. - отворена изложба на новинарски текстови во ЈЛБ „Илинден“



Новинарски текстови во дневни весници пишувани пред еден век зборуваа за нашето Царево Село  јасно сликајќи конкретни настани и личности кои дале свој белег во тоа време. Десетина статии беа собрани во една убава изложба посветена на историјата и културното минато на нашето Царево Село претставувано преку архивски текстови и пишани извори во периодот 1924-1937 година. Изложбата е во организација на ЈЛБ „Илинден“ и како што истакна директорката на ЈЛБ „Илинден“, Билјана Петровска, овој период е време на промени, предизвици, надежи и борби.

- Весниците од секогаш биле доказ, гласот на јавноста, хроника на случувањата и огледало на општеството. Токму преку нив, денес можеме да ја почувствуваме атмосферата на времето и да ја разбереме важноста на нашето место во поширокиот историски контекст. Се надевам дека изложбата ќе поттикне на размислување, разговор и понатамошно истражување на нашето минато, затоа што само познавајќи го минатото, можеме посигурно да чекориме кон иднината. Благодарниост до Мартин Димоски од Скопје што ни ги испрати овие извадоци од весници во кои се спеменува Царево село, нагласи Петровска.

На отворањето на изложбата присуствуваше и градоначалникот на општина Делчево, Иван Гоцевски кој изрази задоволство од експонатите на изложба.

Во оваа прилика им честитам за убавата иницијатива и за трудот да се соберат и да се промовираат овие новинарски статии пожолтени од времето, но богати по содржина и значење. Тоа е историја, доказ за животот во овој град, сведоштво за луѓето кои го влечеле тешкото секојдневие на својот грб, но и јасен показател за нашето минато, идентитет и борба за опстој. Ми претставуваше посебно задоволство што денеска присуствував на оваа изложба и што имав можност лично да посведочам за овие страници низ времето- кои покажуваат дека иако времињата се менувале, духот на делчевци и Делчево останува да пркоси низ времето, истакна Гоцевски.

Сите заинтересирани граѓани ќе можат да посведочат за изложбата која ќе биде поместена во холот на библиотеката.

# Општина Делчево

Ул. „Светозар Марковиќ“ бр. 1
2320 Делчево
Телефон: +389411550
E-mail: info@delcevo.gov.mk
web: delcevo.gov.mk

**Издава: Општина Делчево**
**Уредник: Даниела Такева**
**Техничка обработка: Влатко Мицевски**
**Соработник: Благица Петровска**
**Фотографија: Општина Делчево**
**Лектор: Даниела Такева**

**„ИНФО ДЕЛЧЕВО“ на веб:**
**delcevo.gov.mk**